УДК 325.254.4(100:=866)

Зоран МАТЕВСКИ

# МОТИВИ ЗА ИСЕЛУВАЊЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО СЕВЕРНА АМЕРИКА

Иселувањето на Македонците од својот географски простор како посебен општествен феномен, не постоело отсекогаш и не било отсекогаш со ист интензитет. Во минатото, но и во последните децении, голем број македонски семејства, привремено или постојано се наоѓаат во САД, Канада, Австралија итн. Мотивите за иселување од Македонија се еден од најсуштествените проблеми кој треба да се истражува. Причините кои ги натерале луѓето да го напуштат своето родно огниште и да отидат илјадници километри далеку од него, се повеќестрани и комплементарни. Меѓутоа, за некого во една одредена општествено-економска констелација најголемо влијание имаат едни, а за некој друг во исто или во некое ново време имаат влијание сосема други причини. За мотивите, кои ги водат луѓето далеку од својот роден крај, нема многу научни објаснувања. Нешто повеќе теоретски објаснувања има за иселувањето од Македонија до Втората светска војна. Практични истражувања на оваа проблематика има малку.

## Иселувањето од Македонија пред XX век

Секоја појава и општествен процес има своја причина од која е условена. Така и иселувањето на Македонците во Северна Америка и пошироко своите корени ги има во општествената положба на Македонија со сите нејзини економски, социјални и политички карактеристики. Во втората половина на XVIII век, целиот XIX, па и почетокот на XX век, ги наоѓаме, како примарните така и секундарните причини кои овозможиле појава, развој и омасовување на иселувањето од Македонија.

Во примарните причини, секако, спаѓаат економските. Во секундарните причини, кои се надградуваат со економските, се политичките и индивидуалните кои понекогаш дејствуваат заедно. Секако економските причини што се сретнуваат во стопанството и што произлегуваат од нарушувањето на развитокот на некои од неговите гранки, како на пр. земјоделството, сточарството, дрварството и др. без сомнение биле најважни во овој процес.

Во рамките на економските постојат повеќе групи комплементарни причини од кои некои имаат поголема важност, а други помала. Меѓу неколкуте најважни се: природната стопанска зависност на македонските планински села, потоа високиот наталитет на жителите од тие села, создавањето вишок на слободна рака, примитивната обработка на земјата, феудалната зависност на полските селани, општата стопанска анархија, опаѓањето на главните стопански активности, индустриската неразвиеност на Турција, а подоцна и на Србија, Грција и Бугарија, воведувањето нови сообраќајни комуникации со современи превозни средства.

Во првите децении по доаѓањето на Турците во Македонија, Македонците почнале да ги напуштаат полињата и да се повлекуваат во планините. Тоа го правеле барајќи заштита на некое посигурно место, што довело до празнење на македонските плодни села и до влошување на економската положба на македонското население. Овој процес на раселување на македонските села кон планините се одвивал во XVII и XVIII век. Околу 80–100% од овие планински села биле пасивни места. И онака малото парче обработливо земјиште, сега уште помалку ги задоволувало потребите од храна. Селата што биле високо во планините, речиси и немале обработливо земјиште. Обработувањето на земјиштето таму кај што го имале било екстензивно. Наталитетот бил висок и уште повеќе ја влошувал и така лошата состојба во однос на задоволувањето со храна. Постојано растел и бројот на работоспособните мажи и младинци кои немале работа. Оваа состојба подоцна се проширува и во села кои дотогаш имале доволно плодно земјиште (на пр. Преспа со 254 луѓе на $км^2$). За да се спасат од таквата положба Македонците почнале да бегаат во градовите. Тие што останувале во селата, биле директно под економска зависност од чифлик-сајбиите.

За да ги оддолжат своите долгови, голем број од нив го продавале своето парче земја и заминувале во туѓи земји за да заработат пари и повторно да го откупат своето нивче, направа, куќа итн. Бројот на иселувањата растел, а се зголемил особено по распаѓањето на задругите. Со појавата на анархијата и разбојништвото, сточарството кое исхранувало добар дел од планинското население почнало да пропаѓа. Во 1919 год. кога Македонија е распарчена на три дела, на Бугарија, Грција и Србија, се затвораат природните патишта по кои се движеле стадата од Вардарска кон Пиринска и Егејска Македонија. И елементарните несреќи, поплавите, пожарите итн. го зголемувале бројот на Македонците иселеници. Во такви случаи се случувало да заминат и членови на побогатите семејства.

Појавата на железничкиот сообраќај довела до пропаѓање на занаетчиството и трговијата под влијание на евтини индустриски фабрикати. Се појавил вишок на евтина работна рака. Не можејќи да ги решат своите егзистенцијални проблеми во својата татковина, Македонците заминувале во странство.

Македонското население се иселувало од својата родна грутка и од политички причини кои произлегувале од внатрешната политичка структу-

ра на Турција. Тоа се однесува, пред сè, на застарените закони на Отоманската империја, од примената на нејзините застарени закони, од однесувањето на војската и полицијата кон немуслиманското население, финансиско-даночната политика итн. Се чини дека најважен фактор кој го условувал иселувањето на Македонците од тоа време била турската анархија која водела кон политичко-разбојнички терор. Политичкиот терор најголеми размери зел во периодот по Илинденското востание, а подоцна и по Хуриетот. Најголем број Македонци во тој период заминувале од едноставна причина да го зачуваат сопствениот живот.

Во 1904 год. бил извршен и голем политички притисок од вооружени пропагандистички чети на соседните блиски држави чија цел била создавање внатрешен раскол во Македонија.

Освен економските и политичките причини врз иселувањето во тоа време влијаеле и разни индивидуални причини. Се иселувале и оние кои не сакале да стапат во брак, оние кои биле приврзаници на целибатот, или оние кои не сакале да служат во турската војска, а подоцна и во војската на некоја од балканските држави. Ова бегање од служење аскерска војска станало масовна појава во периодот меѓу 1908 и 1912 година.

Една од поважните индивидуални причини за одење во странство била развиената желба за лична стопанска независност кај македонското население. Ова може да се објасни со вековните маки на македонското население за време на економската феудална зависност. Од тие причини во неговата психологија се создал култ кон економската независност. Добар дел од Македонците се иселувал и затоа што другите го правеле тоа (роднини, пријатели и другари), иако не биле секогаш загрозени, можеле да живеат добро, па сепак се иселувале под влијание на општата појава. Освен тоа читале писма од иселениците, ги слушале повратниците и, така се решавале да се иселат за да го подобрат својот економски статус или за да пропаднат, што им било посигурно.

### Иселувањето во првата половина на XX век

Во овој период Македонците служеле во војските на своите нови владетели. Тогаш Македонија станала еден од најважните фронтови каде што се воделе крвави борби меѓу непријателите. Воените операции ја парализирале целата стопанска активност на нашиот народ и ја опустошиле земјата.

Од војната Македонија излегла тотално исцрпена. Балканските монархии продолжиле со политичкото обесправување на македонскиот народ и перманентно вршеле економска експлоатација. Во состав на Стара Југославија се нашол вардарскиот дел на Македонија. Во неа се чувствувале негативните влијанија на големите империјалистички сили и класните интереси на домашната буржоазија. И понатаму постоела ситната земјишна сопственост наследена од Турците. Со самото тоа ситниот посед не бил во

состојба да го исхрани македонското население. Земјоделството било екстензивно, земјата се обработувала на примитивен начин, со рало, таа била под угар и не се ѓубрела. И сточарството и другите гранки на стопанството биле на примитивен степен на развој.

Постепено во Македонија почнале да навлегуваат нови капиталистички односи. Младата буржоазија се трудела да извлече што поголем профит од градските и селските трудбеници. Како резултат на тоа се развил процесот на сурова експлоатација на македонските села која била проследена со економска беда, распаѓање на семејните задруги, висок наталитет, општа заостанатост.

Ваквата положба довела до пролетаризација на селските маси. Мнозинина од нив спасот го барале во иселувањето од своите родни места. Политиката што ја водела буржуазијата го довела македонскиот селанец во состојба својата егзистенција да ја врзе исклучиво за работничката надница. Оние кои што останувале во селата биле принудени да се задолжуваат кај селските лихвари, кои барале високи лихви. На ионака сиромашниот селски буџет, како додатен товар претставувале и големите државни давачки.

И положбата во градовите не била многу подобра. Таму, како резултат на лошиот живот во селата и поголемиот број иселувања кои се јавиле, се јавила и додатна евтина работна рака. Тоа го загрозило животот на занаетите. Употребата на стари средства за производство и нерентабилно индивидуално стопанисување и негрижата за подмладокот, довеле до тоа голем број на занаетите да исчезнат.

## Иселувањето по Втората светска војна

Процесот на иселување на македонското население во прекуокеанските земји продолжува и по Втората светска војна.

По поделбата на Македонија, особено по Првата светска војна, кога една од основните цели на делителите на Македонија е што порадикално, побрзо, поефикасно искоренување на македонскиот народ од Егејскиот дел на Македонија и нејзино претворање во етнички чисто грчка област, иселувањето од тој дел на земјата се претвора во вистински егзодус. Во барањето мир, спокојство, сигурност, за заштита на голиот живот но и за посигурно живеење, правците на иселувањето се шират.

По војната и особено по завршувањето на Граѓанската војна во Грција, која со сета жестина паднала на грбот на македонскиот народ во Егејскиот дел на Македонија, процесот на масовното иселување како резултат на жестоките прогонувања за искоренување на македонскиот народ, продолжил. Десетици и десетици илјади луѓе, мажи, жени, деца, уште во текот на војната и особено со поразот на демократските сили, безмилосно се истерани од своите огништа. Тоа продолжило и потоа. Со години по ред се применувал најгрозен систем на притисок врз Македонците од тој дел на Македонија за да би се довршило до крај нивното искоренување. По Граѓан-

ската војна во Грција процесот на иселувањето на Македонците во прекуокеанските земји е забрзан, како резултат на понатамошната дискриминаторска политика на грчката власт врз Македонците, и тоа создава оправдано чувство на несигурност кај нив. Грчките власти со сите средства го потпомагаат ова иселување, кое овој пат, во прв ред, се врши во Канада и делумно во САД.

Процесот на иселување по Граѓанската војна во Грција може да се подели на два периоди: првиот е од 1950 до 1961 година и вториот од 1962 до 1971 година.

Во продолжение ќе се задржиме на македонското население што по војната живеело во Македонија како составен дел на новата Југославија. Најголемиот број на иселеници кои во прекуокеанските земји ги зајакнуваат македонските колонии се од Охридската, Струшката, Ресенската, Тетовската и Битолската општина.

Во периодот од 1953 година па наваму се јавува и првиот бран на иселување. Тоа е времето на колективизација на земјиштето, што довело до уништување на добиточниот фонд, трајните насади и испоснување на земјата. До расформирање на колективите доаѓа во 1953 година. По нивното расформирање стопанството е во лоша состојба што предизвикало појава на сиромаштија. Семејствата не можеле да се прехранат. Тоа бил доволен предуслов за иселување. Но, не само тоа, туку тој преуслов бил засилен и од еден решавачки фактор – создадената традиција за иселување во прекуокеанските земји, пред сѐ во С. Америка. Во почетокот се иселуваат само поединци, и тоа помлади мажи. Откако ќе се снајделе во Америка и економски ќе се обезбеделе, ги повикувале и другите членови на семејството, роднините, пријателите. По педесеттите години, непосредно по расформирањето на колективите, помасовен бран на иселување се јавува од 1963 до 1975 година.

Причините за нагласениот егзодус во тој период се повеќестрани.

Како прво тоа се економските реформи кои со себе го носат проблемот на невработеноста. Голем дел од оние кои останале без работа излезот го гледале во странство.

Второ, веќе бил разработен каналот за илегално иселување преку Рим, Италија. Тој ги привлекувал младите кои се со негативен став кон земјоделското производство, базиран на нашиот вредносен систем – дури и ако можеле да се бават со земјоделството, предност давале на работата во странство.

Трето, некои измени во нормативниот поредок на САД, го олеснуваат вселувањето на нашето население во нив, а посебно на семејствата на оние кои подолго време работеле таму. Тоа е време кога иселените поединци масовно ги повлекуваат членовите на своите семејства.

Од средината на седумдесеттите години темпото на иселување опаѓа. Причините за тоа треба да се бараат во отежнатите услови за емигрирање кои ги поставуваат земјите за емиграција. Америка веќе ги има задоволено потребите од работна сила, посебно од неквалификуваната, и затоа поставува ограничувања за вселување во неа. Во таква ситуација кога кај нас невработ-

теноста енормно се зголемува, Македонците се одлучуваат за илегално вселување во други земји. Во случајот на Америка илегалниот канал оди преку Мексико.

### Економски мотиви

Основниот мотив кој ги терал претежно сите Македонци да се иселуваат е детерминиран од економски причини. Еден од основните проблеми е земјиштето и неговата обработка кое дава можност за егзистенција на ограничен број луѓе. Од друга страна, постојано растел наталитетот и тоа обично по селата. Бројот на гладни усти кои чекаат храна постојано се зголемувал. Се појавува и проблемот на пренаселеност. За да се ублажи ваквата состојба „прекубројните" оделе во Америка. Во почетокот оделе само мажите од семејствата со многу деца, за да заработат за себе и за членовите на своето семејство кои во почетокот останувале дома.

Првобитната намера им била да се вратат побрзо, но повеќето од нив останувало сè до остварувањето на правото за американска пензија. Имало случаи да одат момчиња и од 15–16 годишна возраст, иако било повообичаено прво да се оженат, па потоа да заминат. Имало случаи на луѓе кои и не се вратиле. Тие луѓе биле и клучен фактор за привлекување на другите Македонци за иселување во Америка. Тоа најдобро може да се види од анкетните листови, што матицата за иселување им ги поделиле на иселениците. На прашањето „Кои се причините за нивно заминување во странство", 90% од испитаниците одговориле со: „Барам работа".

Несигурното вработување, малите плати и желбата за полагоден живот е првиот фактор што ги натерал Македонците да се иселуваат во С. Америка. Повеќето од половината дури 66,6% од мажите отишле на печалба. Најголемиот дел од нив во почетокот отишле сами со цел да се обезбедат како материјално така и станбено, за да подоцна го повлечат и своето семејство. Тоа било посебно карактеристично за постарата генерација која била гладна за пари и ништо друго не ги интересирало освен како да спечалат повеќе пари. Во тој стил изјавува и еден од испитаниците кој вели: „Да е кабил ништо да не јадеме, само да спечалиме".*

Гладот за пари, можностите за полесно вработување, како и повисоките надници како магнет ги привлекувале Македонците да одат таму. Во почетокот оделе колку да заработат и повторно да се вратат назад, но сјајот на доларот го продолжувал нивниот престој сè до остварувањето на правото на американска пензија. Имало и такви кои изјавиле: „Да не се разболев и ден денес ќе останев во Америка".

---

* Податоците се добиени од интервјуата во рамките на научно истражувачкиот проект „Некои аспекти на семејниот живот на македонските иселеници во С. Америка" – работен на Институт за социологија.

Тешката економска положба во Македонија, тоталната сиромаштија која царувала во македонските домови, гладот кој уште повеќе се зголемил со внесувањето на колективите, создава ситуација да има случаи и на тотално иселување дури и на цели села. Таквото иселување не одело многу брзо, туку како што оделе членовите на одредени семејства, така со себе го повлекувале и поширокиот круг на своите роднини. Како на пример во Торонто има 100 семејства кои потекнуваат од село Брајчино (... „Во Торонто има поголемо село Брајчино отколку во Македонија").

Како пример го споменавме селото Брајчино, но ќе укажеме на уште еден таков случај. Селото Љубојно, кое што сега брои само 300 жители, додека порано имало околу 1500 жители. Заради иселувањето во прекуокеанските земји населението се намалило. Денес структурата на населението ја претставуваат само старци кои својата смрт сакаат да ја дочекаат во родниот крај. Нивниот живот поминал. Својата старост ја доживуваат, чекајќи по некое писмо од нивните синови и ќерки, чекајќи некој да донесе некој „абер" на нивните внуци итн. Како да живеат само повторно, па макар и за последно да ги видат своите. И селото ја доживува својата старост. Како што ќе изјави некој од испитаниците „Повеќе не се слуша детски плач". Во моментов во Детроит има околу 600 Љубанци.

Како еден од мотивите, секако со економска основа се и неповолните економски услови на стопанисувањето во земјоделството, вбројувајќи ги тука и оние кои не сакаат да се занимаваат со земјоделство и да живеат на село. Деаграризацијата како објективен економски процес, се појавува со започнувањето на индустрискиот развиток и развој на другите неаграрни дејности. Напуштањето на земјоделството се појавува и пред вистинската индустријализација на стопанството во целина и пред да го прифати населението, што бега од селото и од земјоделството како занимање. Земјоделството и селото се напуштаат пред сè под влијание на неповолната економско-социјална положба во која се нашол индивидуалниот сектор на земјоделството во споредба со општествениот неземјоделски сектор. Ниските цени на земјоделските производи, ниската доходовност, необезбеденото здравствено и пензиско осигурување како и други причини влијаеле населението да го напушта селото и земјоделството и да бара неземјоделско занимање во странство. Сметале дека работата на земјата не носи сигурна заработувачка и меѓу иселениците често може да се слушне изреката: „Земјата може да се купи". Често пати поради несигурноста од обработката на земјата се истакнува и изреката: „Земјоделството е лутрија".

Ваквото избегнување на земјоделството и барање работа во друга дејност, влијае во градовите да се зголемува невработеноста и да се јавуваат станбено комунални проблеми, а во земјоделството големи површини необработени, недостиг на работоспособно население и запуштен станбен фонд во селата.

Кога станува збор за мотивите кои ги воделе нашите иселеници да појдат во странство, за да дознаеме дел од причините кои ги воделе, би можеле да ја погледнеме следната табела:

**Табела бр. 1**
ПОРАДИ КОИ ПРИЧИНИ ОТИДОВТЕ НА РАБОТА ВО СТРАНСТВО?

| | Струга | Тетово |
|---|---|---|
| 1. Не бев вработен | 52,4 | 52,8 |
| 2. Заради поголема заработувачка | 29,3 | 30,7 |
| 3. Ме повлекоа родителите | 8,8 | 10,8 |
| 4. Да купам стан (изградам куќа) | 2,7 | 2,3 |
| 5. Да обезбедам средства за образование на децата | 1,4 | – |
| 6. Мнозина одеа, па сакав и јас да побарам шанса | 2,0 | 2,3 |
| 7. Желба ми беше да работам во странство | 2,0 | 1,1 |
| 8. Друго | 1,4 | – |
| Вкупно: | 100,0 | 100,0 |

**Извор:** Анкета на 323 мигранти кои се вработени во странство спроведена во 1986 година во општините Струга и Тетово, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, Год. XI–XII, Бр. 1, 1990, стр. 147

Податоците од анкетата покажуваат дека основните причини поради кои работниците одат на работа во странство се во аспирацијата за поголема заработувачка и поради невработеноста. Тоа не значи дека поединци немаат истакнато и други цели на своето одење како на пример купување куќа, т.е. изградба куќа, обезбедување средства за школување на децата, семејни причини и др. Но фреквенцијата на тие одговори е занемарливо мала, што значи дека кај оваа популација не се манифестира некоја „поголема” причина која би се одвоила од веќе оформеното сознание за одењето на работа во странство.

За да ги дознаеме причините за доаѓање во Канада на испитаниците во ова истражување ќе ја видиме и табелата број 2.

Како што може да се види најголемиот дел од нив, 66,6% отишле заради печалба. Така изјавиле испитаниците од машкиот пол. Слична е состојбата и со жените од кои 63,3% отишле да печалат во странство.

Другите наведени причини припаѓаат во групите на политичките мотиви, но исто така има дел од нив кои се од индивидуална природа, а за нив ќе стане збор малку подоцна.

За да ги потврдиме овие показатели, односно да ја видиме целта на одењето во странство, би можеле да искористиме и дел од искажувањата на испитаниците.

**Табела бр. 2**[*]
ЗОШТО ДОЈДОВТЕ ВО КАНАДА?
(ОДНОСНО ВАШИТЕ ПРЕТЦИ)

| Причини | Мажи | Жени |
|---|---|---|
| 1. Печалба | 66,6% | 63,3% |
| 2. Да се биде со роднини | 10,0% | 13,3% |
| 3. Политичка несигурност | 16,6% | 10,0% |
| 4. Проблеми со средина | – | 3,3% |
| 5. Љубопитност | 6,6% | 6,6% |
| 6. Да стапи во брак | – | 3,3% |

Еден од испитаниците како главен мотив ја наведува сиромаштијата и ниската заработувачка. Со платата што ја добивал (14000) динари, не можел да го прехрани семејството, па се решил да отиде во странство – во Америка... „Таму отишол сам, но подоцна ги повлекол и жена му и двата сина".

Овде ќе го споменеме и кажувањето на една жена чиј сопруг работел во странство, а заминал од исти причини како и претходниот. Таа вели: „Некој мораше да оди на печалба".

Отишол на работа во Филаделфија и сеуште е таму, нон-стоп праќа пари за реновирање и доградба на куќата, купување земјоделски машини, школување на децата, итн. Скоро секоја година доаѓа на 2–3 месеци на одмор. Мисли да се врати откако ќе добие право на пензија. Иако би сакал да се врати порано, но парите се трошат и тој се моли за повеќе пари.

Најголем дел од иселениците се враќаат откако ќе добијат право на пензија, а дотогаш тие инвестираат во својата земја. Се прават куќи, се купуваат ниви. Како пример ќе го земеме и случајот на еден испитаник кој ја купува целата земја што може да се купи. Освен тоа за своите синови прави куќи во с. Бицево. Има случаи и на оние кои инвестираат и во општествени установи. Така справите за хемодијализа во центарот за дијализа во Струга се купени со средства собрани од македонски иселеници.

Меѓу другите мотиви, би можеле да ги споменеме и амбицијата за повеќе и желбата за повисок животен стандард кои како магнет ги привлекуваат нашите иселеници во Канада. Голем дел од испитаниците, изјавиле дека со нивното заминување во странство очекуваат подобар живот, а тука би ја барале и борбата за престиж. Секој сака да има повеќе од другиот. Во очекување на подобар живот, од испитаниците заминале 80% мажи и 86,6% од жените. Голем бил бројот на оние кои подлегнале на онаа фама што кружела по овдешните градови, дека во „Америка е рајот на земјата". Во потрага по подобра работа заминале 3,3%, а исто толкав е и процентот на оние кои заминале без претходни очекувања.

[*] Податоци од анкетата во рамките на проектот „Некои аспекти на семејниот живот на македонските иселеници во С. Америка" со кој раководеше проф. Д-р Блага Петроска. Како член на научно-истражувачкиот тим работев на проблемите на иселувањето.

Кои биле нивните очекувања, може да се види од табелата број 3.

**Табела бр. 3**
ШТО ОЧЕКУВАТЕ ОД ВАШЕТО ДОАЃАЊЕ ВО КАНАДА?

| Очекувања | мажи % | жени % |
|---|---|---|
| 1. Подобар живот | 80,0 | 86,6 |
| 2. Подобра работа | 3,3 | 3,3 |
| 3. Без претходни очекувања | 3,3 | 3,3 |
| 4. Сигурност | 10,0 | 6,6 |
| 5. Повисока служба | 3,3 | – |

За да видиме колку се исполниле нивните очекувања ќе мора да ја погледнеме и табелата број 4.

**Табела бр. 4**
ДАЛИ СЕ ИСПОЛНИЈА ВАШИТЕ ОЧЕКУВАЊА?

| Исполнување на Очекувањата пол | потполно | % | делумно | % | никако | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| М | 26 | 86,6 | 3 | 10 | 2 | 6,6 |
| Ж | 23 | 76,6 | 6 | 20 | 1 | 3,0 |

Од неа може да се забележи дека дури на 86,6% од испитаниците им се исполниле очекувањата и тоа потполно, на 10% од мажите и 20% од жените очекувањата делумно им се исполниле, а само на 6,6% мажи и 3,3% од жените, очекувањата останале празни т.е. не им се исполниле.

## Политички мотиви

Покрај економските и индивидуалните, секако постојат и политички мотиви. Овие мотиви им се придружуваат на економските особено по балканските војни. Во тој период, во рамките на изградбата на етничката самосвест, населението било окупирано со барање на солуција за ослободување на Македонија и нејзин политички статус по тоа.

Во тој поглед се формираат две струи. Едната укажува на врски со Србија, а другата со Бугарија. Со време тоа струење во два правци, доведува до подвојување на населението во две поларизирани групи – кои меѓу себе манифестираат отворено непријателство. Така кога Вардарска Македонија станува дел од Србија, населението со бугарски убедувања доаѓа под удар на српската власт, а и на населението лојално на таа власт. Овој факт влијае на забрзување на процесот на емиграција.

Кога емиграцијата добива помасовни размери, се јавуваат агенции кои го олеснуваат нејзиното спроведување и со тоа понатаму ја забрзуваат.

Така во Ресен работеле агенции кои со одреден надоместок им давале кредит на заинтересираните за одење во Америка. Тие посредувале и во обезбедувањето на потребната документација за иселување и изнаоѓање работа во компаниите заинтересирани за неквалификувана работна сила.

До Втората светска војна, емиграцијата е со нерамномерен тренд. На него влијаат факторите од економска и политичка природа. Непосредно по војната, поради затвореноста на границите и состојбата во Грција, а пред сè поради Граѓанската војна во неа. Бранот на иселување се намалува од почетокот на 50-те, а посебно во 1953 година со расформирањето на колективите повторно се зголемува.

Од тој период наваму се оди на два начини, преку легално добиена виза и преку бегство во Грција каде биле сместувани во емигрантски логори. Во тие логори престојувале сè до добивањето на потребната виза. Во текот на престојот биле изложени на репресалии од страна на Грците. Откако ќе ја добиеле иселеничката виза, што обично траело подолго време можеле да се иселуваат.

Политичките мотиви за иселување биле предизвикани во основа од економските, но секако и од политичката положба на Македонија претежно во периодот меѓу балканските војни. Македонија тогаш, како и секогаш била „јаболко на раздорот". Делена на три дела, го делела и населението, чија положба била тешка. Како еден од излезите од таа ситуација, дел од Македонците го гледале во иселување во странство.

## Индивидуални мотиви

Како нов мотив би ја спомenале и традицијата за одење во странство, како и сознанието дека таму ги чека некој свој. Од оние што заминале први, често потоа добиваат информации за убави работи. Од тие кои веќе се таму во суперлативи слушаат за животот во С. Америка, работата, стандардот. Опширно се информираат за животот на Македонците во САД и Канада во смисла на тоа дека скоро сите главно се снашле таму, убаво живеат, се дружат меѓу себе итн.

Втор факт, покрај високиот стандард и традицијата, што ги привлекува Македонците да одат таму е и тој што таму постојат големи македонски заедници. „Таму се чувствувам повеќе Македонец отколку тука" е изјавата на наши иселеници. Во тие заедници постои висок степен на интеграција. Луѓето се во постојан контакт, се помагаат меѓу себе, организираат разновидни излети и веселби преку формирање културно-уметнички друштва. На тој начин тие го негуваат богатиот македонски фолклор, со цел во наследство да го остават на своите деца.

Голема улога во таквата интегрираност секако има и Македонската православна црква која е одлично организирана и скоро 90% од Македонците ги посетуваат, а добар дел од нив учествуваат во манифестациите што таа ги организира.

Во рамките на индивидуалните мотиви ќе ја споменеме и желбата за школување во странство. Тоа укажува дека во странство не оделе само сиромасите, но и побогатите, а пред сè нивните деца. Типичен пример на вакво однесување е карактеристичен за битолскиот крај. Побогатите ги пуштале своите синови и ќерки да одат и се школуваат во странство. Се разбира таков „луксуз" тогаш, но и денес можат да си дозволат оние со „подлабок џеб". Првите што отишле сè повеќе ги привлекувале останатите, раскажувајќи им за животот во С. Америка. Повеќето од нив убаво и брзо се привикнуваат на новиот стил на живот и остануваат таму. Оние кои се враќале доаѓале со големи автомобили и со многу примамливи зборови зборувале за животот во С. Америка. Тоа посебно било примамливо за селската младина која не била задоволна од својот начин на живот. За тоа колку испитаниците отишле од радозналост можеме да дознаеме од веќе наведената табела бр. 2.

Од неа може да се види дека 6,6% од испитаниците отишле поради љубопитност, не можеле да одолеат на „убавите раскажувања" за животот што на другите им се пружал и тие заминуваат во прекуокеанските земји. Од оваа табела можеме да ги дознаеме и другите причини кои влегуваат во сплетот на индивидуални мотиви. Така дел од испитаниците заминуваат во странство со цел да бидат со своите роднини или пак да стапат во брак. Овие индивидуални причини во основа имаат психолошки мотиви. Основата на повеќето од нив треба да се бара во општествено-верските обичаи. Некои во минатото (кога било зачестено) бегале поради крвна освета, други откако ќе ликвидирале некој крвник, трети откако ќе се спаселе од некаква смртна опасност, неслога во бракот итн.

*

* *

Иселувањето на Македонците од својот географски простор, како општествен феномен не постоело од секогаш и не било од секогаш со ист интензитет. Во минатото но и во последните децении голем број македонски семејства привремено или постојано се наоѓаат во САД, Канада, Австралија. Како општествен феномен започнало кон крајот на XIIII век и со различен степен на интензитет трае и до ден денес.

Мотивите кои ги натерале луѓето да го напуштат своето родно огниште и да одат илјадници километри подалеку од него, се повеќестрани и комплементарни. Меѓутоа за некого во некоја одредена општествено-економска констелација најголемо влијание имаат едни, а врз некој друг во исто или во некое ново време влијаат сосема други причини.

Истражувањето меѓу другото имаше за цел и да ги утврди мотивите за иселување и во кои општествено-економски услови и во кои делови на Македонија преовладуваат економските, политичките или индивидуалните мотиви.

Од истражувањето произлезе дека најзначајни причини за иселувањето на Македонците во Северна Америка се:

1. Економските причини за иселувањето од кои најзначајни се: аграрната заостанатост, низок степен на индустријализација, пренаселеност, колективизација на земјиштето, невработеност, мала заработувачка и низок стандард.

2. Политички причини: теророт, прогонување, асимилација;

3. Индивидуални причини: традиција за иселување, желба за повисок стандард.

При операционализацијата на овој општествен феномен, основно внимание треба да посветиме на што поеднозначно одредување на неговите мотиви за иселување. Кога зборуваме за мотивите за иселување мислиме на:

а) **Економски мотиви.** Едни од основните проблеми се земјиштето и неговата обработка кое дава можност за егзистенција на ограничен број луѓе, наталитетот кој расте и тоа посебно во селата, пренаселеноста на одредени краеви на Македонија, несигурното вработување по градовите, малите и недоволни плати.

б) **Политичките мотиви** кои им се придружуваат на економските особено по балканските војни. Македонија, тогаш, како и секогаш била јаболко на раздорот. Делена на три дела, го делела и населението чија политичка положба била исклучително тешка. За време на Граѓанската војна во Грција, бранот на иселувањето на Македонците од Егејска Македонија добива карактеристики на вистински егзодус.

в) **Индивидуалните мотиви** кои во основа се детерминирани од традицијата за одење во странство и од сознанието дека таму ги чека некој свој. Од тие кои се веќе таму во суперлатив слушаат за животот во С. Америка, работата, стандардот. Опширно се информирани за животот на Македонците во прекуокеанските земји во смисла на тоа дека скоро сите главно се снашле и таму убаво живеат, се дружат меѓу себе итн. Во нивната интегрираност таму голема улога има и Македонската православна црква.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Beton S. „Država i emigracija", Nova Evropa, knjiga 6, Zagreb, 1921 god.
2. Vukič Lupis, „Naši iselenici i kriza", Nova Evropa, knjiga XXIV, Zagreb, 1931 god.
3. Годишник на Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања, Скопје, 1990 год.
4. Константинов Хр. Душко, „Печалбарство", Битола, 1964 год.
5. Младинео Иван, „Наши у Америци", Јубиларни зборник живота и рада СХС, 1-XII-1918-1928, Београд 1928 год.
6. Lilian Petroff: The Macedonian Community in Toronto, 1940 i „Polyphony" – Toronto's people — spring/sumer 1984, vol 6, no 1.
7. Симовски Тодор, Балканските војни и нивните реперкусии врз етничката положба во Егејска Македонија, Гласник на ИНИ, год. XVI бр. 3, Скопје 1972 год.
8. Симовски Тодор, Миграционите движења и етничкиот состав на населението во Воденска околија 1912–1940, Гласник на ИНИ, год. XIII бр. 1 и 2, Скопје 1969 год.

Zoran MATEVSKI

## MOTIFS FOR EMIGRATION OF MACEDONIAN PEOPLE IN NORTH AMERICA

(Summary)

The emigration of Macedonian people from their geographical space like social phenomenon did not exist from all times and it was not with same intensity. A great nunber of the Macedinian families in the past and last decades temporaly or steadily are situated in USA, Canada, Australia. Like social phenomenon it started at the end of 18 th century and exist till now with various stage of intensity.

Motifs which force the people to leave their born fireplaces and to go thousands of kilometers far from it, are manysided and complementary.

However, in a certain social and economic structure some reasons have the greatest influence upon some persons, whereas either at the same or at some other moment quite different reasons may work their influence upon some other persons.

The research had a purpose to estabilish motifs about emigration, and in which socio-economic conditions and which parts of Macedonia predominate the economical, political and individual motifs.

From the research followed that the most essential reasons about emigration of Macedonian people in North America are:

1. The economical reasons for emigration from which the most important are:
— agrar lagging
— low stage of industrialization
— collectivisation of the land
— unemployment
— small salary and low standard
2. Political reasons:
— terror
— persecution
— assimilation
3. Individual reasons:
— tradition for emigration
— a wish for higher standard.

In dealing with this phenomenon, the main attention has to be dedicated on determining to its motifs of emigration.

When we are talking about the motifs for emigrations we are thinking of:

A) Economic motifs which are determined from economic reasons. One of the base problems are:

— The land and its cultivation which gives opportunity for existence of definite number of people, the birthrate which rise especially in villages, the overpopulation in some parts of Macedonia, the uncertain employment in towns, small and insufficient wages.

B) Political motifs whih join the economic motifs, especially after The Balkan wars. Then Macedonia like always was an apple of division... Along with the Macedonian separation, macedonian people were separated too, and their political situation were exceptionally hard. At the time of civil war in Greece, the wave of emigration of the Macedonian people from Aegean Macedonia get characteristics of real exodus.

C) The individual reasons are determined from the tradition of going abroad and from learning that there will be welcomed with wormth.

From the people which are already there they listen to in superlatives about the life in North America, about the job, standard. They are informing themselves in details about the life of Macedonian people in the overseas countries, in a sense that almost all of them are mainly well accustomed and they live good, they associate etc.

A big role in their integrity has the Macedonian Orthodox Church.